**Прашања поставени од акционери на седница на Собранието на Македонски Телеком** АД – Скопје **(Друштвото) на 07.09.2012 година и одговори на поставените прашања**

## I. По првата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревидирање на Консолидираните Финансиски извештаи и на Финансиските извештаи на Друштвото за 2012 година.

**Прашање:** Колкава е висината на надоместокот за услугите кој треба да биде исплатен на ревизорската куќа за 2012 година?

**Одговор:** Планираниот износ кој треба да биде исплатен од страна на Македонски Телеком АД – Скопје за услугите на ревизорската куќа за 2012 година изнесува околу 87.000,00 (осумдесетиседумилјади) евра.

## II. По втората точка од Дневниот ред

**Подточка. а ) - Предлог Одлуката за измена на седиштето на Друштвото .**

**Прашање:** Во весниците беше објавено дека новата Административна зграда во која ќе се сели Дирекцијата на Македонски Телеком, ќе биде отстапена со плаќање на кирија во наредните шест години, во износ од 10.000.000, 00 (десетмилиони). Дали е точна таа информација и колку е годишната кирија за користењето на таа зграда?

**Одговор:** Друштвото нема да плаќа закупнина, со оглед дека Друштвото ја купува зградата, а плаќањето ќе биде извршено на шест еднакви годишни рати, што е поволност, бидејќи Компанијата не мора одеднаш да го плати целиот износ.

**Подточка. б ) - Предлог Одлука за измена на Статутот на Друштвото.**

**Прашање:** Во врска со содржината на измените на Статутот кои се предложени да се усвојат на седницата во член 30 (триесет) од Статутот е наведено дека Одборот на директори е составен од 14 (четиринаесет) члена. Според сознанијата, во Акционерскиот Договор изречно е наведено дека Одборот на директори се состои од 10 (десет) членови, а во овој Договор е наведено и дека ако одредбите од Статутот се во колизија со одредбите на Договорот, се применуваат одредбите од Договорот.
Што значи оваа промена на Статутот која е предложена да се усвои на денешната седница?

**Одговор:** Со предложените измени на Статутот, како што беше укажано од страна на Претседавачот во неговото воведно образложение за предлог одлуката, се врши само промена на адресата на седиштето на Друштвото, а сите други одредби на Статутот остануваат непроменети. Во врска со составот и бројот 14 (четиринаесет) на членовите на Одборот на директори, се појасни дека истото е содржано во Анексот на Акционерскиот Договор кој што е склучен по донесувањето на измените на Законот за трговски друштва, со кои измени се воведе обврска во составот на Одборот на директори да има и независни членови. Во согласност со оваа законска обврска, утврден е составот и вкупниот број на членовите на Одборот на Директори на Друштвото изнесува 14 (четиринаесет) и истото е соодветно содржано во Статутот, а кое е во рамки на максималниот број на членови на Одборот на директори кој согласно Законот за трговски друштвае утврден на 15 (петнасет) членови.

**Прашање:** Кој го склучил Анексот кон Договорот?

**Одговор:** Анексот е склучен помеѓу претставниците на истите акционери кои го склучиле и основниот Акционерски Договор.